# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 286** **1 декември 2020, вторник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3877. | **Одлука** за отстапување на лекови – инсулин за хумана употреба од стоковните резерви без надомест............ | 2 |
| 3878. | **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација во основните училишта.............. | 2 |
| 3879. | **Правилник** за образецот на извештајот за работата на одборот за евалуација на високото образование....... | 4 |
| 3880. | **Правилник** за образецот на извештајот за работата на одборот за акредитација на високото образование..... | 8 |
| 3881. | **Правилник** за формата и содржината на прекршочниот платен налог...... | 12 |
| | **Огласен дел** ........................................ | 1-92 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3877.**

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ – ИНСУЛИН ЗА ХУМАНА УПОТРЕБА ОД СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ БЕЗ НАДОМЕСТ

Член 1

Со оваа одлука се отстапува лекот исулин за хумана употреба Novomix 30 Flex pen 3mlx5, во количина од 5513 скатули на Министерството за здравство без надомест за потребите на јавните здравствени установи, заради потребата од справување со Пандемијата прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2.

Член 2

Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11226/1 | Претседател на Владата |
| 24 ноември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**3878.**

Врз основа на член 163 ставовите (2) и (9) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА, КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведувањe на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација во основните училишта.

Член 2

На лицето или основното училиште кое се повикува на едукација му се врачува покана за едукација на образец со формат А4, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Поканата за едукација се предава на лицето или основното училиште кое се повикува на едукација во моментот на вршењето на инспекцискиот надзор, кога со записник се констатира неправилност во работењето.

Од страна на државниот просветен инспектор/овластениот просветен инспектор на општината се обезбедува доказ дека прекршителот уредно ја примил поканата за едукација.

Во закажаниот термин и на закажаното место, од страна на државниот просветен инспектор/овластениот просветен инспектор на општината се обезбедуваат соодветни просторни услови за спроведување на едукацијата.

Времетраењето на едукацијата зависи од сложеноста на прекршокот за кој се врши едукацијата.

Едукацијата се врши од страна на државен просветен инспектор/овластен просветен инспектор на општината кој ја утврдил потребата од истата.

Доколку е потребно присуство на трето лице, од страна на државниот просветен инспектор/овластениот просветен инспектор на општината се обезбедува неговото присуство.

Член 4

Евиденцијата за спроведената едукација се води во евидентна книга за спроведена едукација, во која се внесуваат следните податоци: реден број, име и презиме на лицето на кое е извршена едукацијата, број и датум на поканата за едукација, предмет на постапката за едукција, број и датум на поканата за едукација, место и датум на едукација, број и датум на записникот од спроведената едукацијата, име и презиме на просветениот инспектор кој ја спроведува едукацијата, забелешка.

Доколку едукацијата се однесува на основното училиште, со поканата за едукација претставникот на основното училиште треба да има и писмено овластување за присуство на едукација.

По извршената едукација, лицето кое се едуцира се евидентира во евидентна книга за спроведена едукација.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација во основните училишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/10).

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 18-13189/1 | Министер за образование |
| 23 ноември 2020 година | и наука, |
| Скопје | **Мила Царовска**, с.р. |

Прилог

## ПОКАНА ЗА ЕДУКАЦИЈА

До ______________________________________________________________

(назив, место и седиште на основното училиште)

Се повикува лицето _____________________________________, со место на живеење во ___________, на улица _____________, број _____, вработен во ______________________________________________, ______________.

ЦЕЛ НА ПОКАНАТА:

________________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________________

____________________________________________.

ТЕРМИН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА:__________________________________________________

ПРЕДМЕТ НА ЕДУКАЦИЈА:

________________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________.

ДАТУМ:_______ Државен просветен инспектор/овластен

МЕСТО: _______ просветен инспектор на општината

______________________

*Забелешка : Согласно член 163 став 5 од Законот за основното образование, доколку во закажаниот термин лицето или основното училиште над кое се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

**3879.**

Врз основа на член 53 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува Образецот на извештајот за работата на Одборот за евалуација на високото образование.

Член 2

Образецот на извештајот за работата на Одборот за евалуација на високото образование е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-13390/1
26 ноември 2020 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.

Прилог

ОБРАЗЕЦ
на
Извештајот за работата на Одборот за евалуација

| |
|---|
| 1. Правна рамка |
| се наведуваат надлежностите на Одборот согласно Законот за високото образование* |
| 2. Состав на Одборот за евалуација |
| се набројуваат членовите на Одборот според име и презиме, звање и именување |
| 3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| се набројуваат надворешните стручни лица вклучени во комисиите, работни групи односно работните тела во периодот за кој се однесува Извештајот, домашни и странски, за наставниците од која високообразовна установа и наставно-научното звање, членови од работодавачите и студентите како и критериумите за нивниот избор (докажано искуство, стручност, обуки за системот за квалитет во високото образование, познавање на прописите и улогата) |
| 4. Краток преглед за општата оценка за периодот дд/мм/гггг- дд/мм/гггг (6 месеци) |
| се дава краток преглед за општата оценка со спроведените евалуации за периодот за кој се однесува Извештајот |
| 5. Краток преглед за наредниот период дд/мм/гггг- дд/мм/гггг |
| се дава краток преглед за периодот кој следува до наредниот Извештај |
| 6. Организација на работата |
| се наведува како е организирана работата на Одборот, бројот на одржани седници, текот на седниците и други прашања кои се однесуваат на организација на работата |
| 7. Преглед на финасиското работење |
| се наведуваат приходите и расходите |
| 8. Разгледувани и усвоени прописи |
| се наведуваат рагледуваните и усвоените прописи, предлози, методологии, мислења и сл. |
| 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015 |
| 10. Систем за обезбедување на квалитет |
| 10.1 Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет |
| се опишува накратко внатрешниот систем за обезбедување на квалитет на Одборот и главните препораки за подобрување и мерки за претпазливост од самоевалуацијата на Одборот |
| 10.2 Надворешна проверка на работата |
| Доколку во периодот за кој се однесува имало таква проверка се наведува кој ја извршил и кои се главните препораки, доколку не, се наведуваат подготовките во тој период за надворешна проверка |

| |
|---|
| 11. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за продоложување на акредитации на студиски програми |
| се наведува вкупниот број на предлози за продолжување на акредитација и се набројуваат поединечните донесените предлози за продолжување на акредитациите на студиските програми |
| 12. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за одземање на акредитации на студиски програми |
| се наведува вкупниот број на предлози за одземање на акредитација, се набројуваат поединечните донесените предлози за одземање на акредитациите на студиските програми и причините |
| 13. Оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност |
| врз основа на извршените надворешни евалуации или други анализи и релевантни согледувања се дава општа оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност во дадениот период |
| 14. Оценка за квалитетот на уметничката и стручната работа |
| врз основа на извршените надворешни евалуации или други анализи и релевантни согледувања се дава општа оценка за квалитетот на изведувањето на уметничката и стручната работа на кадарот, каде што релевантно во дадениот период |
| 15. Оценка за релеватноста и квалитетот на научните истражувања |
| врз основа на извршените надворешни евалуации или други анализи и релевантни согледувања се дава општа оценка за квалитетот на научните истражувања во дадениот период |
| 16. Оценка на квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови |
| врз основа на извршените надворешни евалуации или други анализи и релевантни согледувања се дава општа оценка за квалитетот на докторските, магистерските и специјалистичките трудови и нивниот придонес во науката и општествено-економскиот развој |
| 17. Оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма |
| се дава оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според начинот на кој е дизајнирана студиската програма и нивниот приказ во додатокот на дипломата |
| 18. Оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети |
| врз основа на извршените надворешни евалуации или други анализи и релевантни согледувања се дава оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети и нивната целисходност |
| 19. Дадени препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност или дадени други препораки поврзани со делокругот на работа |
| се наведуваат сите препораки поврзани со делокругот на работа |
| 20. Оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи |
| се дава оценка за квалитетот на оценувањата на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи пред сè во поглед на нивната релевантност во постигнувањето на резултатите од учењето на студиската програма и нивната примена |
| 21. Разгледувани жалби и постапките по нив |
| се наведуваат поднесените жалби и одлуките од постапките по нив |

| |
|---|
| 22. Обуки за членовите на Одборот |
| се наведуваат обуките од делокруг на системот за обезбедување на квалитет на кои присуствувале членовите и потврдите/уверенијата со кои сте стекнале |
| 23. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| се наведуваат обуките од делокруг на системот за обезбедување на квалитет на кои присуствувале членовите и потврдите/уверенијата со кои сте стекнале |
| 24. Учества на конференции/состаноци |
| се наведуваат конференциите/состаноците во земјата и странство од делокруг на системот за обезбедување на квалитет во високо образование, на кои присуствувале членовите и придонесите за/од конференцијата и работа на Одборот |
| 25. Посети на делегации |
| се наведуваат посетите на делегации од други тела за обезбедување на квалитет или организации или посетите на делегации од Одборот на други тела за обезбедување на квалитет или организации резултатот од тие посети |
| 26. Остварена соработка |
| се наведуваат средбите и остварената соработка со здруженија, комори, организации кои се во функција на унапредување на квалитетот на работата на Одборот. |
| 27. Издавачка дејност |
| се наведуваат објавени трудови, летоци, брошури и сл. кои обработуваат прашања поврзани со унапредувањето на квалитетот во високото образование или ги известуваат високообразовните установи, студентите и јавноста за тековни прашања или за политиките за квалитет во високото образование |
| 28. Состојба со мрежната страница на Одборот |
| се дава краток преглед на состојбата со мрежната страница на Одборот, содржини, достапност, посети и сл. |
| 29. Разгледувани документи и тематски анализи |
| се наведуваат разгледуваните документи од други тела или организации поврзани со обезбедувањето на квалитет (на пример од EQAR, ENQA, CEENQA, Болоњски процес и др), закони или други прописи кои придонесуваат за работата на Одборот |
| |
| |
| Претседател на Одборот за евалуација |
| Име и презиме, потпис |
| Место и датум |
| |

**3880.**

Врз основа на член 48 став (4) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува Образецот на извештајот за работата на Одборот за акредитација на високото образование.

Член 2

Образецот на извештајот за работата на Одборот за акредитација на високото образование е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-13389/1
26 ноември 2020 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.

Прилог

ОБРАЗЕЦ
на
Извештајот за работата на Одборот за акредитација на високото образование

| |
|---|
| 1. Правна рамка |
| се наведуваат надлежностите на Одборот согласно Законот за високото образование* |
| 2. Состав на Одборот за акредитација на високото образование |
| се набројуваат членовите на Одборот според име и презиме, звање и именување |
| 3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за акредитација |
| се набројуваат надворешните стручни лица вклучени во стручните комисии во периодот за кој се однесува Извештајот, домашни и странски, за наставниците од која високообразовна установа и наставно-научното звање, членови од работодавачите и студентите како и критериумите за нивниот избор (докажано искуство, стручност, обуки за системот за квалитет во високото образование, познавање на прописите и улогата) |
| 4. Краток преглед за општата оценка за периодот дд/мм/гггг- дд/мм/гггг (6 месеци) |
| се дава краток преглед за општата оценка со акредитациите во високото образование за периодот за кој се однесува Извештајот |
| 5. Краток преглед за наредниот период дд/мм/гггг- дд/мм/гггг |
| се дава краток преглед за периодот кој следува до наредниот Извештај |
| 6. Организација на работата |
| се наведува како е организирана работата на Одборот, бројот на одржани седници, текот на седниците и други прашања кои се однесуваат на организација на работата |
| 7. Преглед на финасиското работење |
| се наведуваат приходите и расходите |
| 8. Разгледувани и усвоени прописи |
| се наведуваат рагледуваните и усвоените прописи, предлози, методологии, мислења и сл. |
| 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015 |
| 10. Систем за обезбедување на квалитет |
| 10.1 Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет |
| се опишува накратко внатрешниот систем за обезбедување на квалитет на Одборот и главните препораки за подобрување и мерки за претпазливост од самоевалуацијата |
| 10.2 Надворешна проверка на работата |
| Доколку во периодот за кој се однесува имало таква проверка се наведува кој ја извршил и кои се главните препораки, доколку не, се наведуваат подготовките во тој период за надворешна проверка |

| |
|---|
| 11. Донесени решенија за акредитација |
| се наведува вкупниот број на решенија и се набројуваат донесените решенија за акредитација |
| 11.1 Решенија за основање на јавни високообразовни установи или единици во нивни состав |
| се наведува основачот, називот на високообразовната установа и седиштето како и други значајни податоци со капацитетот за студирање |
| 11.2 Решенија за основање на самостојни приватни или приватно-јавни високообразовни установи |
| се наведува основачот, називот на високообразовната установа и седиштето како и други значајни податоци со капацитетот за студирање |
| 11.3 Решенија за основање на единици на самостојни приватни или приватно-јавни високообразовни установи |
| се наведува основачот, називот на високообразовната установа и седиштето како и други значајни податоци со капацитетот за студирање |
| 11.4 Решенија за акредитација на научни установи за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии, |
| се наведува основачот, називот на научната установа и седиштето, како и други значајни податоци со капацитетот за студирање |
| 11.5 Решенија за акредитација на постојни студиски програми |
| се наведува називот на студиската програма, називот на високообразовната установа и седиштето, важноста на акредитацијата, како и други значајни податоци со капацитетот за студирање |
| 11.6 Решенија за акредитација на нови студиски програми |
| се наведува називот на студиската програма, називот на високообразовната установа и седиштето, важноста на акредитацијата, како и други значајни податоци со капацитетот за студирање |
| 11.7 Решенија за акредитација на ментори на докторски студиски програми |
| се наведува звањето, името и презимето, називот на студиската програма, називот на високообразовната установа и седиштето, важноста на акредитацијата, како и други значајни податоци |
| 11.8 Решенија за одбивање на акредитации (на високообразовни установи, студиски програми, менторства) |
| се наведуваат одбиените акредитации по разни основи и причината |
| 11.9 Разгледани извештаи од надворешна евалуација |
| се наведуваат сите разгледани извештаи за евалуација и наодите во нив |
| 11.10 Решенија за одземени акредитации |
| се наведува називот на студиската програма и/или називот на високообразовната установа и седиштето, важноста на акредитацијата и причината за одземањето |
| 11.11 Разгледувани жалби и постапките по нив |
| се наведуваат поднесените жалби и одлуките од постапките по нив |
| 11.12 Тековна состојба за акредитираните високообразовни установи и студиски програми |
| Во прилог кон Извештајот се доставува список на сите високообразовни односно научни установи и студиски програми кои имаат важечка акредитација со податоци за називот на високообразовната односно научната установа, седиштето, единицата во состав, називот и циклусот на студиската програма, ЕКТС, нивото на квалификацијата според Националната и Европската рамка на квалификации, јазикот на наставата и важноста на акредитацијата |

| |
|---|
| 12. Обуки за членовите на Одборот |
| се наведуваат обуките од делокруг на системот за обезбедување на квалитет на кои присуствувале членовите и потврдите/уверенијата со кои сте стекнале |
| 13. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за акредитација |
| се наведуваат обуките од делокруг на системот за обезбедување на квалитет на кои присуствувале членовите и потврдите/уверенијата со кои сте стекнале |
| 14. Учества на конференции/состаноци |
| се наведуваат конференциите/состаноците во земјата и странство од делокруг на системот за обезбедување на квалитет во високо образование, на кои присуствувале членовите и придонесите за/од конференцијата и работа на Одборот |
| 15. Посети на делегации |
| се наведуваат посетите на делегации од други тела за обезбедување на квалитет или организации или посетите на делегации од Одборот на други тела за обезбедување на квалитет или организации резултатот од тие посети |
| 16. Остварена соработка |
| се наведуваат средбите и остварената соработка со здруженија, комори, организации кои се во функција на унапредување на квалитетот на работата на Одборот. |
| 17. Издавачка дејност |
| се наведуваат објавени трудови, летоци, брошури и сл. кои обработуваат прашања поврзани со унапредувањето на квалитетот во високото образование или ги известуваат високообразовните установи, студентите и јавноста за тековни прашања или за политиките за квалитет во високото образование |
| 18. Состојба со мрежната страница на Одборот |
| се дава краток преглед на состојбата со мрежната страница на Одборот, содржини, достапност, посети и сл. |
| 19. Разгледувани документи и тематски анализи |
| се наведуваат разгледуваните документи од други тела или организации поврзани со обезбедувањето на квалитет (на пример од EQAR, ENQA, CEENQA, Болоњски процес и др), закони или други прописи кои придонесуваат за работата на Одборот |
| |
| |
| Претседател на Одборот за акредитација |
| Име и презиме, потпис |
| Место и датум |
| |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**3881.**

Врз основа на член 91 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за правното лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план, односно за единицата на локалната самоуправа, односно за градот Скопје, односно за Агенцијата за катастар на недвижности, односно за Агенцијата за просторно планирање, односно за Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, односно за органот на државната управа, односно за агенцијата, односно за управата, односно за институцијата, односно за установата, односно за правното лице со надлежности и јавни овластувања за вршење на работи во врска со изработката, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови и во врска со јавните, комуналните и инфраструктурните дејности и системи, е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за одговорното лице во правното лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план, односно за одговорното лице во правното лице, е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Прекршочниот платен налог за овластеното лице од одговорното лице во правното лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план, односно за овластеното лице од одговорното лице во правното лице, односно за градоначалникот, односно за лицето овластено од градоначалникот, односно за претседателот на советот на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје, односно за министерот надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно за лицето овластено од министерот надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно за службеното лице вработено во администрацијата на општината, општината во градот Скопје, градот Скопје, односно за службеното лице вработено во администрацијата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно за претседателот на соодветната комисија за урбанизам, е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Македонија“ бр.214/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.61/19).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-7958/1 | Министер |
| 26 ноември 2020 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Благој Бочварски,** с.р. |

Прилог 1

Република Северна Македонија

____________________
(Назив на органот)

Број: ________
Датум: _______________ год. _________ во ________ часот

Врз основа на член 91 став (4) од Законот за урбанистичко планирање, државниот урбанистички инспектор издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

- (за правно лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план)
- (за единица на локалната самоуправа)
- (за град Скопје)
- (за Агенција за катастар на недвижности)
- (за Агенција за просторно планирање)
- (за Државен инспекторат за градежништво и урбанизам)
- (за орган на државна управа)
- (за агенција)
- (за управа)
- (за институција)
- (за установа)
- (за правно лице со надлежности и јавни овластувања за вршење на работи во врска со изработката, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови и во врска со јавните, комуналните и инфраструктурните дејности и системи)

А. Податоци за правно лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план, односно за единица на локалната самоуправа, односно за град Скопје, односно за Агенција за катастар на недвижности, односно за Агенција за просторно планирање, односно за Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, односно за орган на државна управа, односно за агенција, односно за управа, односно за институција, односно за установа, односно за правно лице со надлежности и јавни овластувања за вршење на работи во врска со изработката, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови и во врска со јавните, комуналните и инфраструктурните дејности и системи

| | |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Единствен даночен број | |
| Жиро сметка и деловна банка | |

Б. Податоци за одговорно лице во правно лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план, односно за одговорно лице во единица на локалната самоуправа, односно за одговорно лице во град Скопје, односно за одговорно лице во Агенција за катастар на недвижности, односно за одговорно лице во Агенција за просторно планирање односно, за одговорно лице во Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, односно за одговорно лице во орган на државна управа, односно за одговорно лице во агенција, односно за одговорно лице во управа, односно за одговорно лице во институција, односно за одговорно лице во установа, односно за одговорно лице во правно лице со надлежности и јавни овластувања за вршење на работи во врска со изработката, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови и во врска со јавните, комуналните и инфраструктурните дејности и системи

| | |
|---|---|
| Име, татково име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Адреса | |
| Датум, место, држава на раѓање и државјанство | |
| Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа | |

В. Податоци за сторен прекршок

| | |
|---|---|
| Место, датум и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршок | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100000000063095 Народна банка на Република Северна Македонија на уплатна сметка 840***05283, приходна шифра 722126 и програма 00 со цел на дознака-уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторатот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

| Сторител на прекршок | | Инспектор |
|---|---|---|
| ___________________________ | М.П. | __________________________ |
| име, презиме и своерачен потпис | | име, презиме и своерачен потпис |

Прилог 2

Република Северна Македонија

____________________
(Назив на органот)

Број: ________
Датум: _______________ год. _________ во ________ часот

Врз основа на член 91 став (4) од Законот за урбанистичко планирање, државниот урбанистички инспектор издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

- (за одговорно лице во правно лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план)
- (за одговорно лице во правно лице)

А. Податоци за одговорно лице во правно лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план односно за одговорно лице во правно лице

| | |
|---|---|
| Име, татково име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Адреса | |
| Датум, место, држава на раѓање и државјанство | |
| Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа | |

Б. Податоци за правно лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план односно за правно лице

| | |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Единствен даночен број | |
| Жиро сметка и деловна банка | |

В. Податоци за сторен прекршок

| | |
|---|---|
| Место, датум и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршок | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-000000063095 Народна банка на Република Северна Македонија на уплатна сметка 840***05283, приходна шифра 722126 и програма 00 со цел на дознака уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторатот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

**Сторител на прекршок** **Инспектор**

_____________________________ М.П. ___________________________

име, презиме и своерачен потпис име, презиме и своерачен потпис

Прилог 3

Република Северна Македонија

______________________

(Назив на органот)

Број: _________

Датум: ________________ год. __________ во _________ часот

Врз основа на член 91 став (4) од Законот за урбанистичко планирање, државниот урбанистички инспектор издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

- (за овластено лице од одговорно лице во правно лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план)
- (за овластено лице од одговорно лице во правно лице)
- (за градоначалник)
- (за лице овластено од градоначалник)
- (за претседател на совет на општина, општина во град Скопје, односно град Скопје)
- (за министер надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот)
- (за лице овластено од министерот надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот)
- (за службено лице вработено во администрација на општина, општина во град Скопје, град Скопје)
- (за службено лице вработено во администрација на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот)
- (за претседател на соодветна комисија за урбанизам)

А. Податоци за овластено лице од одговорно лице во правно лице кое изработило урбанистички план, урбанистички проект или извршило стручна ревизија на урбанистички план, односно за градоначалник, односно за лице овластено од градоначалник, односно за претседател на совет на општина, општина во град Скопје, односно град Скопје, односно за министер надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно за лице овластено од министерот

**надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно за службено лице вработено во администрација на општина, општина во град Скопје, град Скопје, односно за службено лице вработено во администрација на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, односно за претседател на соодветна комисија за урбанизам**

| | |
|---|---|
| Име, татково име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Адреса | |
| Датум, место, држава на раѓање и државјанство | |
| Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа | |

Б. Податоци за сторен прекршок

| | |
|---|---|
| Место, датум и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршок | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-000000063095 Народна банка на Република Северна Македонија на уплатна сметка 840***05283, приходна шифра 722126 и програма 00 со цел на дознака уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторатот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

Сторител на прекршок Инспектор

_______________________ М.П. _______________________

име, презиме и своерачен потпис име, презиме и своерачен потпис

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.

ISSN 0354-1622

2020286